# ОПШТИНА РАДОВИШ

Дел. Бр. 09 - 113/1
22.01 2026

Согласно оперативниот план на Владата на Р.С.М. за 2026 година, Програмата за активности на општина Радовиш од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2026 бр: 08-1596/2 донесена на Советот на општина Радовиш на 24.12.2025 год. и предвидените средтсва во Буџетот на општина Радовиш за 2026 год., Градоначалникот на Општина Радовиш, распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС

за ангажирање на евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско - корисна работа за период од 6 (шест )месеци

I.Услови за пријавување:

а) долгорочно евидентирани невработени лица
б) ниско квалификувани невработени лица
в) лица над 55 години

Пријавувањето ќе се врши во просториите на општина Радовиш во Архива, од 22.01.2026 а најдоцна до 28.01.2026 година, секој ден од 7:30 часот до 15:30 часот.
За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 13.750 денари бруто износ, од 20 часа неделно за времетраењето на работното ангажирање, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

II. Права и обврски на лицата

-За лицата кои ќе бидат избрани и ангажирани, предвидена е месечна финансиска поддршка за секое ангажирано невработено лице, во кои е вклучен персонален данок на доход, осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.
-За време на вршењето на работниот ангажман , ангажираните невработени лица не ги губат правата по основ на невработеност.Со секое од избраните лица, по извршениот избор, општина Радовиш ќе склучи посебен договор во времетраење од 6 месеци
Избраните лица ќе работат на следните работни задачи:
Посета и давање подршка на лица кои имаат потреба од подршка и помош од друго лице .
Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Радовиш кај лицето Роберт Донев

Изготвил: Роберт Донев

Контролирал: Игор Чапов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК“ ОПШТИНА РАДОВИШ

Градоначалник на општина Радовиш

Љупче Почивалец